
АСТМА ДИЈАГНОЗА

ОПРЕМА

Бр.	Опрема	Обем
1.	**Peak Flow Metar - за возрасни**	4
2.	**Peak Flow Metar - за деца**	1

ЦЕЛИ НА ВЕЖБИТЕ



1дел

1. Што е Peak Flow Metar - PFM
2. Што е Врвен експираторен проток - PEFR
3. Зошто се користи PFM
4. Техника на користење
5. Кои се нормални вредности за деца и возрасни
6. Како да се едуцира пациентот за користење на PFM

2 дел

1. Кои се абнормални вредности на PEFR за деца и возрасни
2. Што е % од личниот максимум - ЛМ и % на PEFR варијабилност
3. Што е реверзибилен бронходилататорен тест и зошто се користи
4. Како да се едуцира пациентот за самоконтрола - домашен мониторинг
5. Како да се едуцира пациентот за водење на сопствен дневник - запис

PEAK FLOW METAR - PFM

- Апарат за мерење на врвен експираторен проток - PEFR
- Се користи за возрасни и деца над 5 год.
- Применлив во секое време и секое место (Во здравствени установи и дома)
- Цена 20 ДМ
- Недвосмислена корист за пациентите и докторите

ВРВЕН ЕКСПИРАТОРЕН ПРОТОК - PEFR

Максимален проток што може да се добие за време на форсирана експирација која следи после максимален инспириум

ЗОШТО СЕ КОРИСТИ PFM

- Рано детектирање и евалуација на Белодробна астма
- Следење и објективизирање на белодробната функција
- Мониторирање на терапискиот одговор: тековна или моментална терапија



СОСТАВНИ ДЕЛОВИ

1. Тело со нумерирана скала и стрелка - индикатор
2. Адаптер за поставување на усните

ТЕХНИКА НА КОРИСТЕЊЕ



1. Се поставува стрелката од нумерираната скала на 0
2. Се завзема секогаш иста позиција - исправена
3. Се зема воздух колку што е можно подлабоко
   = макс.инспириум
4. Се става адаптерот од PFM во устата и се затвараат усните околу
5. Се издишува колку што е можно посилно и побргу
   = дување на свеќа, или прашина од некоја површина
6. Се запишува резултатот и се повторува истата постапка уште 2 пати
7. За валиден се зема најдобриот резултат

ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА PEFR - МЕРЕЊАТА

- Се користат стандардни нормограми
- Резултатот се одредува според возраста, висината и полот
- Се изразува во л/мин.
- Можно е отстапување на нормалните вредности од ± 10%

ЕДУКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА PFM

- Пожелно е секој пациент да има сопствен PFM
- Најдобра можност за следење на Астмата
- Потребен е добар тренинг за техниката на користење затоа што резултатот зависи од вложениот напор на пациентот

АБНОРМАЛНИ ВРЕДНОСТИ НА PEFR

- Секоја вредност која е испод предвидената од нормограмот при прв преглед на пациент
- Кај веќе болни за секој се одредува **Личниот Максимум - ЛМ** и се следат одстапувањата во облик на: **% од ЛМ** и **% на ПЕФР варијабилност**
- Овие вредности го одразуваат присуството и степенот на бронхијалната хиперреактивност

ЛИЧЕН МАКСИМУМ - ЛМ

За секој болен од Астма се одредува неговиот ЛМ
= на највисоката вредност на PEFR добиена кога Астмата е под потполна контрола и пациентот се осеќа најдобро

% ОД ЛМ

$$\% \text{ од ЛМ} = \frac{\text{PEFR x 100}}{\text{ЛМ}}$$

Сигнификантна вредност има ако е < 80 %

% НА PEFR ВАРИЈАБИЛНОСТ

Дневно - ноќната или пред и по примањето на бронходилататор варијабилност на PEFR изразена во %

$$\% \text{ НА PEFR ВАРИЈАБИЛНОСТ} = \frac{\text{највисок PEFR - најнизок PEFR}}{\text{највисок PEFR}} \text{ x } 100$$

Сингнификантна вредност има ако е > 15%

РЕВЕРЗИБИЛЕН - БРОНХОДИЛАТАТОРЕН ТЕСТ

⇒ Има **дијагностичка вредност** за дијагноза на Бронхијална Астма
⇒ Се изведува кај пациенти со намалена вредност на PEFR
⇒ Се изведува со инхалација на КДβ2А - Салбутамол
⇒ Зголемувањето на вредноста на PEFR за 15% или > , 10 - 20 мин. по инхалацијата има дијагностичко значење

ЕДУКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТОТ ЗА САМОКОНТРОЛА = ДОМАШЕН МОНИТОРИНГ

❖ Неопходен е за добро водење и добар тераписки план на Астмата
❖ Најчеста индикација е средна или тешка, особено нестабилност на астмата
❖ PEFR мерењата се изведуваат 2 пати дневно, наутро и навечер во исто време
❖ Ако пациентот користи бронходилататор PEFR мерењата се изведуваат пред и по третманот

ЕДУКАЦИЈА НА ПАЦИЕНТОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА СОПСТВЕН ДНЕВНИК

⇔ Вредностите од PEFR мерењата треба да ги запишува во дневник
⇔ Пациентот ги запишува и појавените симптоми и примената терапија
⇔ Лекарот добива комплетна слика за текот на болеста
⇔ Се остварува одлична фидбек соработка



СЕМАФОРСКИ СИСТЕМ НА PEFR МОНИТОРИНГОТ

Зона	Граница	Инструкции
Црвена	0 - 50 % ЛМ > 30 % PEFR варијабилност	Астматични симптоми присутни при мир и напор Ургентен третман и хоспитализација
Жолта	50 - 80 % ЛМ 20 - 30 % PEFR варијабилност	Астматични симптоми: ноќни симптоми, кашлица, намалена активност, свирење во градите, диспнеа при напор или мир Зголемување на терапијата - степен погоре
Зелена	80 - 100 % ЛМ < 20 % PEFR варијабилност	Нема астматични симптоми Редукција на лекарства - степен подолу